РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

# Билтен на месечни активности за месец јануари 2019

февруари, 2019

# Содржина

Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ..... 1

Испит за административно управување ..... 2

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ..... 3

Соработка со други институции и меѓународна соработка ..... 3

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ..... 4

Јавни набавки ..... 4

Реализација на буџет ..... 5

# Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2019 година, примени се 33 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, објавени се 28 огласи, за вкупно 100 работни места за 102 извршители. За институциите од централната власт објавени се 12 јавни огласи за 39 работни места со 39 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 16 јавни огласи за 61 работни места со 63 извршители. На објавените огласи пријавени се 1774 кандидати, од кои 1509 на огласи за институциите од централна власт, а 265 кандидати се пријавени за институциите од локалната власт.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">33</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">28</td><td rowspan="2">/</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>100</td><td rowspan="3">12</td><td>16</td><td>13</td><td>10</td><td>39</td><td rowspan="3">16</td><td>4</td><td>45</td><td>12</td><td>61</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>102</td><td>16</td><td>13</td><td>10</td><td>39</td><td>4</td><td>47</td><td>12</td><td>63</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1774</td><td>225</td><td>1186</td><td>98</td><td>1509</td><td>22</td><td>230</td><td>13</td><td>265</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>47</td><td>21</td><td>12</td><td>45</td><td>22</td><td>79</td><td>26</td><td>4</td><td>33</td><td>14</td><td>51</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи јануари 2019*

Во истиот период спроведени се 92 административни селекции за пријавени 2068 кандидати, спроведени се 69 испити на кои што се поканети 1759 кандидати, од кои  полагале 593 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 55 огласи за 382 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 55 огласи и предлог за избор на 498 кандидати, а објавени се 130 одлуки за избор на кандидати за вработување од 47 огласи.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>92</td><td>2068</td><td>69</td><td>1759</td><td>593</td><td>55</td><td>382</td><td>55</td><td>227</td><td>55</td><td>498</td><td>47</td><td>130</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи во јануари 2019*

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2019 година, примени се 20 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 20 огласи, за вкупно 36 работни места за 37 извршители. За институциите од централната власт објавени се 9 интерни огласи за 14 работни места со 14 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 11 интерни огласи за 22 работни места со 23 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">20</td><td rowspan="2">/</td><td rowspan="2">20</td><td rowspan="2">/</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td></td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>36</td><td rowspan="2">9</td><td>12</td><td>2</td><td>/</td><td>14</td><td rowspan="2">11</td><td>3</td><td>16</td><td>3</td><td>22</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>37</td><td>12</td><td>2</td><td>/</td><td>14</td><td>3</td><td>17</td><td>3</td><td>23</td></tr>
</table>

*Табела 3. Интерни огласи јануари 2019*

# Испит за административно управување

Во текот на месец јануари 2019 година, спроведени се 8 испити за административно управување и испратени се 4 Известувања до Министерството за информатичко општество и администрација за резултатите од полагањето на испитот. На спроведените сесии за административно управување, пријавени беа 136 кандидати. Од нив на испитот се појавија 89 кандидати, од кои што испитот го положија 65 кандидати или 73 %. Од кандидатите кои што полагале, 72 се вработени во јавен сектор, 8 во приватен сектор, додека 9 од пријавените кандидати се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | положиле | неположиле | јавен сектор | приватен сектор | невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8 | 136 | 89 | 65 | 24 | 72 | 8 | 9 |

*Табела 4. Административно управување јануари 2019*

# Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на месец јануари 2019 година, беа поднесени 80 жалби. Во тековниот месец Комисијата одржа 7 седници, обработи 61 жалби, од кои 48 жалби се од државни службеници и 13 жалби од јавни службеници.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од државните службеници уважени 15, одбиени 28 и отфрлени како недозволени 5 жалби.

Од вкупниот број на обработени жалби и приговори од јавните службеници уважени 2, одбиени 8 и за 3 жалби ненадлежна.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | уважени | | одбиени | | отфрлени како недозволени | | отстапени на друг орган | | повлечени од подносител | | не надлежност | | мериторно уважени | | мериторно одбиени | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 66 | 11 | 48 | 13 | 15 | 2 | 28 | 8 | 5 | / | / | / | / | / | / | 3 | / | / | / | / |

*Табела 5. Обработени жалби во јануари 2019*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јануари 2019 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 48 предмети, од кои 12 се однесуваат на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 36 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови, адвокати, граѓани и други, и тоа: Државен комунален инспекторат (2); Народен правобранител (4); Министерство за финансии (3); Министерство за информатичко општество и администрација (2); Државно правобранителство на Република Македонија (5); Влада на Република Македонија – Генерален секретаријат (3); Граѓани (6); Државен инспекторат за транспорт (1); Совет за унапредување и надзор на ревизијата на Република Македонија (2); Центар за управување со кризи (1); Државен управен инспекторат (2); Општина Лозово (2); Основно Јавно обвинителство Куманово (1); Управен суд (1) и Јавна здравствена установа „Здравствен дом“ – Куманово (1).

Вработени од Агенцијата во текот на месец јануари 2019 година присуствуваа на советувања на теми:

- “Спецификите на новиот Закон за јавни набавки и насоки за негова правилна примена”, Друштво за консултантски услуги АЦТ Доо Скопје.
- “Завршна сметка”, Економско-правен консалтинг.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата, пристигнати се 158 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои што на 114 е одговорено, а на 44 не е одговорено.

# Јавни набавки

Во текот на месец јануари 2019 година, утврдена е потреба од започнување на 4 постапки за јавни набавки за кои се донесени одлуки за јавни набавки, објавени се 4 огласи за јавни набавки на ЕСЈН, донесени се 1 одлуки за избор на најповолен понудувач и склучени се 4 договори за јавна набавка со вкупна вредност од 2.355.800,00 денари без ДДВ, односно 2.763.880,00 денари со ДДВ.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| 4 | 4 | 1 | 4 |

*Табела 6. Јавни набавки јануари 2019*

# Реализација на буџет

Во месец јануари 2019 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2019 година | Реализација на буџетот до 31.01.2019 | Реализација на буџетот од 01.01.2019 - 31.01.2019 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2019 |
|---|---|---|---|---|
| 401–основни плати | 22.913.000,00 | 1.798.252,00 | 1.798.252,00 | 21.114.748,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 8.475.000,00 | 665.141,00 | 665.141,00 | 7.809.859,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 60.000,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 55.000,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.500.000,00 | 194.001,00 | 194.001,00 | 2.305.999,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 300.000,00 | 10.000,00 | 10.000,00 | 290.000,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 2.500.000,00 | 237.575,00 | 237.575,00 | 2.262.425,00 |
| 425-договорни услуги | 1.700.000,00 | 60.818,00 | 60.818,00 | 1.639.182,00 |
| 426-други тековни расходи | 400.000,00 | 69.811,00 | 69.811,00 | 330.189,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 500.000,00 | 128.940,00 | 128.940,00 | 371.060,00 |
| 483-купување на мебел | 50.000,00 | 0 | 0 | 50.000,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 4.000.000,00 | 0 | 0 | 4.000.000,00 |
| ВКУПНО | 43.398.000,00 | 3.169.538,00 | 3.169.538,00 | 40.228.462,00 |

*Табела 7. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*